**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**

**СУ-04-29/23**

**08.05.2023 година**

**БИТОЛА**

Врз основа на чл.18 ст.1 алинеа 2 и ст.6 од Законот за судска служба („Сл.весник на РМ“ бр.43/15, 98/15, 33/15, 6/16 и 198/18) во врска со чл.22 и чл.23 од Законот за работни односи, Апелационен суд Битола објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС бр. 1/2023

За вработување на судски службеници на определено време до 31.12.2023 година за следните работни места:

1. **Судски референт – дактилограф, категорија „Г“, ниво „Г-3“ – 2 (два) извршители**

Услови што се бараат за вршење на работата:

**Стручни квалификации:**

Стекнати најмалку вишо или средно образование.

**Работно искуство:**

Најмалку една година работно искуство во струката.

**Посебни работни компетенции:**

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Платата на судскиот службеник ќе изнесува 22.078,00 денари. Работни часови неделно 40 часа. Работно време од 07:30 – 15:30 часот. Дневна пауза од 11:00 – 11:30 часот. Работни денови: од понеделник до петок.

2. **Судски референт – извршител во писарница, категорија „Г“, ниво „Г-3“ – 1 (еден) извршител**

Услови што се бараат за вршење на работата:

**Стручни квалификации:**

Стекнати најмалку вишо или средно образование.

**Работно искуство:**

Најмалку една година работно искуство во струката.

**Посебни работни компетенции:**

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Платата на судскиот службеник ќе изнесува 22.078,00 денари. Работни часови неделно 40 часа. Работно време од 07:30 – 15:30 часот. Дневна пауза од 11:00 – 11:30 часот. Работни денови: од понеделник до петок.

Сите кандидати треба да ги исполнуваат следните: Општи услови:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија (уверение за државјанство не постаро од 6 месеци)
- Активно да го користи македонскиот јазик,
- Да е полнолетен (копија од лична карта)
- Да има општа здравствена способност за работното место (лекарско не постаро од 6 месеци)
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна за забрана на вршење на професија, дејност или должност (уверение не постаро од 6 месеци)

Кандидатите се должни да се пријават на огласот со пријава за вработување на судски службеник и истата можат да ја подигнат во портирницата на Апелационен суд Битола - или да ја превземат од веб страната на судот www.asbitola.mk.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Доказите кон пријавата се доставуваат во оригинал или копија заверена на нотар.

Рокот за пријавување трае 5 (пет) работни дена сметано од денот на последното објавување на Огласот (не сметајќи го денот на објавувањето).

Ненавремена, нецелосна и неуредна пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Пополнетата пријава заедно со доказите за исполнување на општите и посебните услови (за стручните квалификации, работното искуство и посебните работи компетенции), кандидатите се должни да ги достават непосредно преку пошта или во архивата на судот

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**

**Ул.Булевар Први Мај бр.63 Битола**

**(со назнака за Јавен оглас број - 1/23)**

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Информации на следниот телефон: 047 227 999, локал 101 или на следната електронска пошта: info@asbitola.mk.

Изборот ќе се изврши во рок согласно чл.23 ст.2 од Законот за работни односи.

Апелационен суд Битола,

Претседател,

Петре Србиновски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АПЕЛАЦИОНЕН СУД 1 БИТОЛА